MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

Благоја Маневски дипломираше на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1986. Има реализирано повеќе самостојни изложби (Скопје, Белград, Охрид, Велес, Штип, Куманово). Учествувал на голем број значајни групни изложби во земјава и странство (Скопје, Белград, Сараево, Риека, Загреб, Љубљана, Панчево, Нови Сад, Вашингтон, Њу Јорк, Париз, Рим, Лондон, Минхен, Токио и др.)

Професор е на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Ако ретроспективно се погледне творештвото на Благоја Маневски, од неговата прва самостојна изложба (Охрид, Велес, Штип), и од неговата прва самостојна изложба во Музејот на современата уметност во Скопје 1987., па до ова негово најново остварување , не може а да нé не фасцинира разновидноста на ликовниот јазик, на уметничките постапки и користените материјали, високиот квалитет на неговите дела како и огромната енергија вградена во нивната реализација.

*Логични слики ( различни соби, различни гласови)* е проект на којшто Благоја Маневски работеше речиси две години (2001-2002). Со сликите што ги изработи во овој период (вкупно 108 слики), тој изгради еден нов амбиент, различен од традиционалниот начин на поставување на сликите, еден минималистички амбиент во којшто целосно е укинат конвенционалниот начин на визуелната и естетската комуникација со делата. Контекстот на презентацијата се јавува како еден од битните аспекти на ова дело: користејќи ја постапката на монтажа тој создаде амбиент во кој апстракцијата функционира како архитектура на внатрешниот простор. Оттаму, овде презентацијата е исто толку важна како и самите дела, а изложбата повеќе не функционира како дел од дискурсот на кураторот, туку таа во целина е дело на самиот уметник.